НОМАГАС

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 09-4141/5
14 03 2025 год. viti.
Скопје-Shkup

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СЛЕДЕЊЕТО НА УСОГЛАСЕНОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА НОМАГАС АД СКОПЈЕ

Во период 01.01.2024 – 31.12.2024

СКОПЈЕ 2025

## СОДРЖИНА:


1. Основ за изработка на годишен извештај ........ 1
1.1 Закон за енергетика ........ 1
1.2 Статут на НОМАГАС АД Скопје ........ 1
1.3 Програма за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје ........ 2
1.4 Правилник за Службеник за усогласеност ........ 2
1.5 Именување на Службеник за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје ........ 2
2. Примена на Програмата за усогласеност ........ 3
2.1 Независност на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ........ 3
2.2 Следење на работата на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје ........ 4
Табела 1. Финансиски план за 2024 година ........ 5
Табела 2. Годишна инвестициона програма за 2024 година. ........ 6
2.3 Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминирачки однос кон корисниците на системот за пренос на природен гас од страна на НОМАГАС АД Скопје ........ 11
2.4 Следење и соработка со Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции ........ 12
Табела 1. Должини на гасоводна мрежа ........ 13
Табела 2. Десетгодишни прогнози за пренос на природен гас ........ 13
Табела 3. Планови за инвестиции за кои се обезбедени средства ........ 14
2.5 Следење и соработка со Секторот за диспечерски центар ........ 16
Табела 1. Преглед на пренесени количини по месеци ........ 16
Табела 2. Преглед на дебаланси по месеци ........ 17
Табела 3. Преглед на трансакции на берза по месеци ........ 17
Табела 4. Преглед на измерени количини на природен гас за сопствени потреби и пресметани загуби ........ 18
Табела 5. Преглед на набавени количини на природен гас за покривање на сопствени потреби и загуби ........ 18
Табела 6 - Табела на пренесени количини по трговци во периодот од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год. ........ 19
2.6 Следење и соработка со Секторот за мрежен инженериг и техничка работа ........ 19
2.7 Следење и соработка со Сектор за изградба на гасоводен систем ........ 23
2.8 Следење и соработка со Секторот за експлоатација и одржување ........ 23
2.9. Следење и соработка со Секторот за финансии и комерција ........ 29
Табела 1. Финансиски преглед на пренос по месеци ........ 29
Табела 2. Финансиски преглед за дебаланси по месеци ........ 29
Табела 3. Финансиски преглед за трансакции на берза за покривање дебаланси по месеци ........ 30
Табела 4.Финансиски преглед за надоместок за неутралност по месеци ........ 30
Табела 5. Финансиски преглед за набавени количини на природен гас за покривање на сопствени потреби и загуби ........ 31
3. Координација и соработка со други оператори на систем за пренос на природен гас од страна на НОМАГАС АД Скопје. ........ 33
4. Начин на следење на Програмата за усогласеност, соработка со вработените ........ 33
4.1 Усогласеност со Законот за енергетика, сертификацијата и лиценцата за вршење дејност ........ 33
4.2 Соработка со вработените ........ 35
5. Заклучоци од Извештајот ........ 36
5.1 Начин на следење на Програмата за усогласеност ........ 36

# 1. Основ за изработка на годишен извештај

## 1.1 Закон за енергетика

Согласно на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 236/22, 134/24 ) во членот 111 го обврзува Операторот на системот за пренос на природен гас, независно од организационата форма, да донесе Програма за усогласеност (во понатамошниот текст- Програма) со која се утврдуваат мерките кои треба да придонесат да се оневозможи дискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по кој било основ, да се утврдат обврските на вработените во спроведувањето на Програмата и да се утврди начинот на следење на спроведувањето на истата.

Во членот 112 став 2 од Законот за енергетика, пропишано е назначување на Службеник за усогласеност, како лице одговорно за следење на спроведувањето на Програмата.
Ставот 8 алинеа 1 од истиот член го обврзува Службеникот за усогласеност да го следи спроведувањето на Програмата и да подготвува Годишен извештај за превземените мерки за нејзино спроведување, кој го доставува до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во понатамошениот текст "Регулаторна комисија за енергетика"

## 1.2 Статут на НОМАГАС АД Скопје

Согласно Членот 31-а од Статутот на НОМАГАС АД Скопје, Неизвршните членови на Одборот на директори во својство на орган на надзор чии овластувања се однесуваат на надзор на управувањето со Друштвото го именуваат и разрешуваат Службеникот за усогласеност по претходно одобрение од страна на Регулаторна комисија за енергетика согласно Законот за енергетика, ако за тоа гласале мнозинството од вкупниот број на неизвршните членови на Одборот на директори.

Согласно членот 31-б од Статутот на НОМАГАС АД Скопје, Службеникот за усогласеност е должен:

- да го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност и да изработува Годишен извештај кој го доставува до Регулаторна комисија за енергетика,
- да доставува извештаи и препораки во однос на реализацијата на Програмата за усогласеност до неизвршните членови во Одборот на директори,
- да има увид во предлогот за инвестициски план или поединечни инвестиции во системот за пренос на природен гас и да ги достави до Регулаторна комисија за енергетика предложениот инвестициски план или предложените одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на природен гас, истовремено кога тие предлози се доставуваат до неизвршните членови во Одборот на директори во својство на орган на надзор,
- да биде повикан и да учествува на сите закажани состаноци на Одборот на директори и да му бидат доставени сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за:
- условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на природен гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата,

- проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети и
- набавка или продажба на природен гас неопходен за функционирање на системот за пренос на природен гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.

## 1.3 Програма за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје

Врз основа на член 111 од Законот за енергетика објавен во (Службен весник на РСМ бр. 96/19, 236/22 и 134/24) и член 31 од Статутот на НОМАГАС АД Скопје, Операторот на системот за пренос на гас независно од организационата форма, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, има донесено Програма со која се утврдуваат мерките кои треба да се преземат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за пренос на гас по било кој основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на операторот на системот за пренос на природен гас со обврските утврдени со овој закон и програмата.
Во член 8 од Програмата, се потенцира обврската на Службеникот за усогласеност да го следи спроведувањето на Програмата и изготвува годишен извештај за преземените мерки за нејзиното спроведување кој го доставува до Регулаторната комисија за енергетика.

## 1.4 Правилник за Службеник за усогласеност

Врз основа на Член 7 став (1) од Правилникот за службеник за усогласеност, Службеникот за усогласеност при извршување на своите работни обврски и овластувања особено ги има во предвид:

1) Десетгодишниот план за развој на системот за пренос на природен гас,
2) Едногодишните, петгодишните и десетгодишните прогнози за побарувачка на природен гас во Република Северна Македонија,
3) Планови за инвестирање во системот за пренос на природен гас,
4) Стратешки планови за системот за пренос на природен гас,
5) Планови за развој на системот за пренос на природен гас,
6) Стратегија за развој на енергетиката во Република Северна Македонија.

Врз основа на Член 7 став (2) од Правилникот за службеник за усогласеност, Службеникот ги следи и врши контрола во однос на обезбедувањето на условите за:

1) транспарентност и недискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по било кој основ, и
2) доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас, како и за доверливост на деловните податоци при координација и соработка на НОМАГАС АД Скопје со други оператори на системи за пренос на природен гас во согласност со закон, Правилникот за деловна тајна на НОМАГАС АД Скопје и други прописи.

## 1.5 Именување на Службеник за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје

Со Одлука од Одборот на Директори на НОМАГАС АД Скопје бр. 02-5408/4 од 15.12.2023, а врз основа на спроведениот јавен оглас за именување на Службеник за усогласеност бр. 04-

5485/1 од 18.12.2023 година, се именува м-р. Дарко Бундалески д.м.и. за Службеник за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје.

Со Одлуката бр.11-2730/2 од 29.12.2023 година, Регулаторна комисија за енергетика донесе Решение за одобрување на назначувањето на Службеник за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје. Претходно, со Решение бр.11-1855/3 и Решение бр.02-11-1855/4 од 09.10.2023 година, Регулаторната комисија за енергетика ги одобри условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на Службеникот за усогласеност утврдени во Правилник за условите и начинот на работење на Службеникот за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје и Решение за одобрување на Програма за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување.

## 2. Примена на Програмата за усогласеност

Основна цел на Програмата за усогласеност е да воспостави формална рамка која ќе ги обезбеди сите активности кои ги спроведува Операторот за пренос на природен гас како и однесувањето на сите вработени или лица ангажирани од страна на операторот, да бидат во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, независност и објективност.

Со програмата се дефинираат мерки кои треба да се превземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по било кој основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на Програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на Операторот на системот за пренос на природен гас со обврските утврдени со Законот за енергетика и Програмата за усогласеност.

Врз основа на Член 6 став (5) од Правилникот за усогласеност, Службеникот за усогласеност континуирано ги следи и оценува деловните активности на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активности со важечките законски и/или подзаконски прописи, Програмата за усогласеност, Статутот и другите акти на НОМАГАС АД Скопје.

Усогласеност на активностите на НОМАГАС АД Скопје и исполнување на обврските

### 2.1 Независност на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје

Независноста во работењето на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје произлегува пред сé од структурната поставеност и сопственичко раздвојување на операторот на системот за пренос на природен гас.

Врз основа на член 109 став 2 од Законот за енергетика е утврдено, со цел да се обезбеди независност на операторот на системот за пренос на природен гас, исто лице или лица немаат право во исто време:

- Директно или индиректно да учествуваат во управувањето и надзорот со друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право со операторот на системот за пренос на природен гас,

- Директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво коешто врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас и
- Да именува членови на органот на надзор и органот на управување на операторот на системот за пренос на природен гас и во исто време директно или индиректно управуваат или остваруваат друго право во друштво кое врши некоја од дејностите производство и/или снабдување со природен гас.

Согласно со член 109 став 3 од Законот за енергетика ограничувањата особено се однесуваат на:

- Користење на право на глас,
- Избор и именување на членови на органот на надзор и органот на управување на друштвото или поседување на мнозински удел,
- Друштвото кое поседува лиценца за вршење на дејноста пренос на природен гас не може да има лиценци и не може да биде вклучено во вршење на дејностите производство, организирање и управување со пазарот на природен гас, дистрибуција, трговија со природен гас или снабдување со природен гас,
- Ако операторот на системот за пренос на природен гас бил дел од вертикално интегрирано друштво за природен гас, операторот или неговите вработени не смеат да ги пренесуваат деловно чувствителните информации кои ги поседуваат на друштва за производство и/или снабдување со природен гас,
- Како друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување се смета и друштво што врши некоја од дејностите производство или снабдување со електрична енергија,
- Како оператор на систем се смета и оператор на електропреносен систем.

За спроведување на одредбите од Законот во однос на независноста на работењето на Одборот на директори, Службеникот за усогласеност во рамките на своите овластувања утврдени во Законот за енергетика, Статутот на НОМАГАС АД Скопје и Правилникот за работењето, во текот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година континуирано ги следеше деловните активности на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активности со важечките законски и подзаконски прописи.

## 2.2 Следење на работата на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје

Во рамките на следењето на работата на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, Службеникот за усогласеност редовно учествуваше во неговата работа, како и со свое присуство во носењето на одлуките.

Во перидот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година Одборот на директори одржа 18 седници на Одбор на директори на кои се разгледани и усвоени Одлуки за одобрување на работењето на НОМАГАС АД Скопје. Не се констатирани неправилности во работењето и ниту една одлука на Одборот на директори не е оспорена и вратена на разгледување. Позначајни одлуки се издвојуваат следниве:

**На 22-та седница одржана на 31.01.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за измени и прераспределба на средства во Финансискиот план за работа, Одлука за усвојување на пречистен текст на Финансискиот план за работа на НОМАГАС АД Скопје за 2024 година,
- Одлука за измени и прераспределба на средства во Годишна инвестициона програма (ГИП) за 2024 година, Одлука за усвојување на пречистен текст на Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2024 година ,
- Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, Одлука за усвојување на пречистен текст на Правилникот за начинот на попис во НОМАГАС АД Скопје.
- Одлука за изменување на Правилникот за начинот на попис во Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

**На 23-та седница одржана на 13.02.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис (инвертаризација) на средствата и изворите на средствата на НОМАГАС АД Скопје, Одлука за усвојување на пречистен текст на Финансискиот план за работа на НОМАГАС АД Скопје за 2024 година.

Во продолжение се наведени податоци од Финансискиот план за 2024 година.

**Табела 1. Финансиски план за 2024 година**

| Реден број | ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | Износ ( денари ) |
|---|---|---|
| | **Приходи и сопствени средства** | |
| **1** | **Пренесени средства во 2024 година** | **1.347.183.311** |
| 1.1 | Инвестиција - ЛНГ Терминал Александрополис | 589.000.000 |
| 1.2 | Орочени средства | 20.000.000 |
| 1.3 | Приходи од работењето | 738.183.311 |
| **2** | **Приходи од работењето** | **754.867.422** |
| 2.1 | Приходи од пренос на гас | 453.667.422 |
| 2.2 | Приходи од услуга за балансирање на системот за пренос на природен гас | 300.000.000 |
| 2.3 | Останати приходи | 1.200.000 |
| **3** | **Приливи од кредити и заеми** | **1.845.000.000** |
| 3.1 | Договор за заем со ЕИБ | 1.230.000.000 |
| 3.2 | Договор за заем со ЕБОР | 615.000.000 |
| **4** | **Приливи од грантови и техничка помош** | **701.100.000** |
| 4.1 | Договор за инвестициски грант со ЕИБ | 92.250.000 |
| 4.2 | Договор за инвестициски грант со ЕИБ | 608.850.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | **Други приливи** | **227.759.000** |
| 5.1 | Приходи од продажба на акции | 227.759.000 |
| | **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **4.875.909.733** |

Средствата потребни за расходи од работењето на НОМАГАС АД Скопје за 2024 година се во износ од 679.466.924,00 денари и истите се обезбедени од сопствени извори на средства.

- Одлука за усвојување на пречистен текст на Годишната инвестициона програма (ГИП) на НОМАГАС АД Скопје за 2024 година.

Во продолжение се наведени податоци од Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2024 година.

**Табела 2. Годишна инвестициона програма за 2024 година.**

| Ред. бр. | Рекапитулар на основни средства и инвестиции | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Основни средства | 24.420.000 |
| 2 | Инвестиции | 3.399.892.127 |
| 3 | Дополнителни инвестициони вложувања и трошоци | 467.350.000 |
| | **Вкупно основни средства и инвестиции** | **3.891.662.127** |

Во врска со разликата на основните средства и инвестиции со одобрените со Одлука за цена за 2024 година, се појавува разлика која се базира на тоа што Годишната инвестициона програма (ГИП) претставува плански документ кој ги опфаќа реализација на идни инвестиции, развојни планови и т.н. Додека Одлуката за цена ги опфаќа набавени основни средства, оперативни гасоводи и инвестиции во тек.

- Одлука за усвојување на пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на НОМАГАС Скопје.
- Одлука за прифаќање на Извештајот на независниот ревизор Друштво за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, за извршената ревизија на финансиските извештаи на НОМАГАС АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година.,
- Одлука за усвојување на Извештајот од неизвршните членови на Одбор на директори на НОМАГАС АД Скопје за резултатите од извршената контрола над работењето на Друштвото и изјаснување за резултатите од извршената ревизија на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година, како и доставување до Собранието на акционери.,
- Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери на НОМАГАС АД Скопје.

**На 25-та седница одржана на 12.03.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа**

- Одлука за усвојување на Годишна сметка на НОМАГАС АД Скопје за 2023 година,
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на НОМАГАС АД Скопје за 2023 година,
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на НОМАГАС АД Скопје за 2023 година.

Во продолжение се наведени податоци од Биланс на успех (извештај за добивка и загуба) за 2023 година:

Вкупниот приход на НОМАГАС АД Скопје за 2023 година изнесува 444.203.610,00 денари врз основа на тарифата одобрена од Регулаторна комисија за енергетика, која изнесува 0,1216 денари/kWh. Во 2023 година пренесени беа 3.906.428.974 kWh природен гас. Вкупните расходи изнесуваа 357.182.445,00 денари. Со тоа нето добивката за 2023 година изнесува 76.027.388,00 денари.

| | | |
|---|---|---|
| • Вкупно оперативен приход | 444.203.610,00 | денари |
| • Вкупно оперативен расход | 357.182.445,00 | денари |
| • Оперативна добивка | 87.021.165,00 | денари |
| • Приход од финансирање | 97.145,00 | денари |
| • Расход од финансирање | 1.951.794,00 | денари |
| • Добивка пред оданочување | 85.166.516,00 | денари |
| • Данок на добивка | 9.139.128,00 | денари |
| • Нето добивка | 76.027.388,00 | денари |

**На 26-та седница одржана на 02.04.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за јавна набавка на стоки – Набавка и сервис на актуатори за вентили на високопритисни гасоводи и сервисирање на вентили;
- Одлука за јавна набавка на услуги – Одржување и хостирање на компјутерски програмски пакет за финасиско сметководствени работи и човечки ресурси;
- Одлука за јавна набавка на услуги – Избор на телекомуникациски оператор за пренос на податоци од мерните места до диспечерски центар;
- Одлука за јавна набавка на услуги – Поправка на мерач на проток УСМ;
- Одлука за јавна набавка на услуги – Изработка на проектна документација за Делница Гостивар-Кичево;
- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис (инвентаризација) на природниот гас во системот за пренос на природен гас со состојба на 31.01.2024 година.

**На 27-та седница одржана на 22.04.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за јавна набавка на услуги – Избор на правно лице за проектански услуги и ревизија на техничка документација;
- Одлука за јавна набавка на стоки – Еталонски калибрациски и носечки гас за ГМС Жидилово.
- Воедно се разгледа и се донесе одлука со која се одобрува склучување на Договор за заем (Проект за регионална гасификација) помеѓу НОМАГАС АД Скопје и Европска банка за обнова и развој.

**На 28-та седница одржана на 21.05.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за усвојување на дополнувањето на Извештајот од неизвршните членови на Одбор на директори на НОМАГАС АД Скопје за резултатите од извршената контрола над работењето на Друштвото и изјаснување за резултатите од извршената ревизија на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2022 година и доставување до Собранието на акционери;
- Одлука за прифаќање на Извештајот на независниот ревизор Друштво за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, за извршената ревизија на финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за годината што завршува на 31 декември 2022 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот од неизвршните членови на Одбор на директори на НОМАГАС АД Скопје за резултатите од извршената контрола над работењето на Друштвото и изјаснување за резултатите од извршената ревизија на финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година и доставување до Собранието на акционери;
- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис (инвентаризација) на природниот гас во системот за пренос на природен гас со состојба на 29.02.2024 година;
- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис (инвентаризација) на природниот гас во системот за пренос на природен гас со состојба на 31.03.2024 година;
- Одлука за јавна набавка на работи – Изградба на нови приклучоци, како и заклучок по однос на Тромесечниот извештај за следењето на усогласеноста на работењето на НОМАГАС АД Скопје во период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година.

**На 29-та седница одржана на 05.06.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.5 кон Договорот за градење на индустриски објект со основна класа на намена Г2 на ГП 6.27, КО Ржаничино, Општина Петровец, Скопје.

**На 30-та седница одржана на 26.06.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.1 кон Договорот за пренос на природен гас со својство на извршна исправа заверен во НОМАГАС АД Скопје со арх. број 10-5689/1 од 29.12.2023 година и во ТЕ-ТО АД СКОПЈЕ со арх. број 0703-1960/1 од 29.12.2023 година, солемнизиран кај нотар Ана Дојчиновска од Скопје под ОДУ бр 93/24 на 23.01.2024 година со кој се намалува тарифата за пренос на природен гас во периодот од јуни до септември 2024 година врз база на следното:
  - доколку месечната потрошувачка е помала од 58.500 MWh, цената ќе биде 0,1289 MKD/kWh;
  - доколку месечната потрошувачка е поголема од 58.500 MWh, а помала или еднаква на 175.500 MWh, цената ќе биде 0,109565 MKD/kWh;
  - доколку месечната потрошувачка е поголема од 175.500 MWh а помала или еднаква на 234.000 MWh, цената ќе биде 0,09023 MKD/kWh;
  - доколку месечната потрошувачка е поголема од 234.000 MWh а помала или еднаква на 292.500 MWh, цената ќе биде 0,07734 MKD/kWh;
  - доколку месечната потрошувачка е поголема од 292.500 MWh, цената ќе биде 0,06445 MKD/kWh;

- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис (инвентаризација) на природниот гас во системот за пренос на природен гас со состојба на 30.04.2024 година.

**На 31-та седница одржана на 28.06.2024 година, Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.1 кон Договорот за набавка и монтажа на термотехнички инсталации за објект ГП 6.27 КО Р'жаничино, Општина Петровец.

На 23.08.2024 година дојде до промена на раководството на НОМАГАС АД Скопје.

**На 1-та седница одржана на 23.08.2024 година Одборот на директори едногасно ги изгласа:**

- Одлука за разрешување на Бајрам Реџепи од Извршен член на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и назначување на Мухамет Елмази за Извршен член на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.
- Одлука за разрешување на Ристо Талевски од Претседател на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје и назначување на Крсте Миладинов за Претседател на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје.

**На 2-та седница одржана на 11.09.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за раскинување на Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и Бајрам Реџепи Извршен член на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје бр.04-522/3 од 13.02.2024 година
- Одлука за склучување на Договор за уредување на односите помеѓу Друштвото и Мухамет Елмази Извршен член на Одборот на директори - Извршен директор Мухамет Елмази.
- Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.
- Одлука за усвојување на пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на НОМАГАС Скопје.
- Одлука за јавна набавка на работи – Санација на оштетувања на гасоводна инсталација ДН300 и ДН80 на делница 6 и 6Б од ГГМ Скопје.
- Одлука за изработка на Извештаи за работењето на НОМАГАС АД Скопје во 2024 година.

**На 3-та седница одржана на 27.09.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за давање согласност на Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас за регулиран период од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, со прилози, бр.11-4545/1 од 24.09.2024 година.
- Одлука со која се одобрува приклучување на УСЈЕПОР ДООЕЛ Скопје за објект на локација Борис Трајковски бр.94, кон преносен гасоводен систем на НОМАГАС АД Скопје.
- Одлука за утврдување на Предлогот на Одлуката за изменување на Статутот на НОМАГАС АД Скопје.

**На 4-та седница одржана на 17.10.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за измени и прераспределба на средства во Финансискиот план за работа на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за 2024 година.
- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.14 кон Договор за Изградба на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар со арх.бр.05-89/74 од 19.10.2016 година, изменет и дополнет со Анекс бр.1, Анекс бр.2, Анекс бр.3, Анекс бр.4, Анекс бр.5, Анекс бр.6, Анекс бр.7, Анекс бр.8, Анекс бр.9, Анекс бр.10, Анекс бр.11 и Анекс бр.12 и Анекс бр.13.
- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.4 кон Договор за вршење Надзор над изградба на гасоводен систем на Република Македонија-Фаза 1 Делници Неготино (Кавадарци)-Битола и Скопје-Тетово-Гостивар, изменет и дополнет со Анекс бр.1, Анекс бр.2 и Анекс бр.3.
- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.9 кон Договорот за градење на индустриски објект со основна класа на намена Г2 на ГП 6.25, КО Ржаничино, Општина Петровец, Скопје.

**На 5-та седница одржана на 14.11.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за задолжување по основ на гаранции, давање согласност за заложување на наменски депозит и склучување на договори за владетелски залог бр. 02-323/6 од 30.01.2024 година.
- Одлука со која се одобрува склучувањето на Анекс бр.2 кон Договорот за набавка и монтажа на термотехнички инсталации за објект ГП 6.27 КО Р'жаничино, Општина Петровец.
- Одлука за свикување на Собрание на акционери на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост.
- Одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за 2024 година.

**На 6-та седница одржана на 28.11.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за усвојување на Правилникот за користење службен мобилен телефон на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.
- Одлука за изменување на Одлуката со која се уредува работното време во НОМАГАС АД Скопје.

**На 7-та седница одржана на 13.12.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**

- Одлука за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во НОМАГАС АД Скопје, бр.02-65/6 од 05.01.2023 година.
- Одлука за заем од НОМАГАС АД Скопје на АД „Пошта на Северна Македонија" – Скопје.
- Одлука за утврдување на Предлогот на одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во НОМАГАС АД Скопје.

- Одлука во однос на приклучувањето на СИ ЕН ЏИ СИСТЕМС ДООЕЛ Скопје за објект на локација Борис Трајковски бр.1-1/16 Скопје, кон преносен гасоводен систем на НОМАГАС АД Скопје.
- Одлука во однос на приклучувањето на ТЕХНО ПАВЕР ДООЕЛ Скопје за објект на локација во кругот на Ф-КА ЖЕЛЕЗАРА Скопје, кон преносен гасоводен систем на НОМАГАС АД Скопје.

- **На 8-та седница одржана на 27.12.2024 година Одборот на директори едногласно ги изгласа:**
- Одлука за усвојување на Годишниот план за одржување на системот за пренос на природен гас за 2025 година.
- Одлука за усвојување на Годишната Програма за работа на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за 2025 година.
- Одлука за усвојување на Финансиски план за работа на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за 2025 година.
- Одлука за усвојување на Годишна инвестиционена програма (ГИП) на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за 2025 година.
- Одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.
- Одлука во однос на одобрувањето на склучување на Анекс бр.1 Изработка на урбанистички проект за инфраструктура, основен проект и Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина за изградба на магистрален гасовод Делница 7 – "Кичево - Охрид".
- Одлука во однос на склучувањето на Анекс бр.1 кон Финансискиот договор за заем за изградба на гасоводот за интерконекција Македонија – Република Грција / Делница лоцирана во Македонија, склучен помеѓу НЕР АД Скопје и Европска Инвестициона Банка
- Одлука во однос на склучувањето на Анекс бр.1 кон Договорот за инвестициски грант за изградба на гасоводот за интерконекција Македонија – Република Грција / Делница лоцирана во Македонија, склучен помеѓу НЕР АД Скопје и Европска Инвестициона Банка
- Одлука за вршење на попис на средствата и обврските на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост за 2024 година со состојба 31.12.2024 година и формирање на пописни комисии и поткомисии.

## 2.3 Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминирачки однос кон корисниците на системот за пренос на природен гас од страна на НОМАГАС АД Скопје

Во рамките на своите надлежности и законски обврски, НОМАГАС АД Скопје е должен во своето работење да постапува во согласност со Законот за енергетика на начин што ќе обезбеди транспарентност, објективност и недискриминаторски пристап кон сите корисници на системот за пренос на природен гас, преку следните активности и процеси:

- Планирање и развој на Системот за пренос, преку одржување на постоечката и планирање и изградба на нови интерконекциски точки,

- Транспарентност во набавката на природен гас за покривање на сопствените потреби и загуби, како и набавка на пророден гас за балансирање.

Во текот на оваа година Службеникот за усогласеност согласно со Член 9 од Правилникот за службеник за усогласеност работеше на изготвување на Програма за едукација и обука на вработените од страна на службеникот за усогласеност.

Програмата за едукација и обука на вработените ќе ги опфати следните точки:

- Позитивни законски прописи
- Запознавање со политиката на друштвото
- Транспарентност, независност
- Управување со ризици
- Интегритет и професионална етика

Програмата ќе ги опише и објасни задачите и обврските на вработените кон Службеникот за усогласување, неговите оврски за следење и спроведување на Програмата и Правилникот за усогласеност, Законот за енергетитка и Статутот на НОМАГАС АД Скопје.

Соработката со сите сектори во Друштвото во периодот на подготовка на овој извештај беше извршувано на неделно ниво, доколку беше потребно и во пократок временски интервал, се одвиваше на начин со интензивна комуникација, разгледување на документација и консултации за активностите.

Во продолжение осврт на активностите по сектори во периодот од 01.01.2024 – 31.12.2024 година.

## 2.4 Следење и соработка со Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции

- Десетгодишниот план за развој на системот за пренос на природен гас е во изработка, во 2025 година ќе биде подготвен и доставен на одобрување до Регулаторна комисија за енергетика, кој ќе ги опфати:
- Едногодишните, петгодишните и десетгодишните прогнози за пренос на природен гас во Република Северна Македонија.
- Планови за инвестиции во системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија.
- Стратешки планови за системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија.

Во овој период Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции продожи со активностите за интерконекторите Грција - Македонија, Србија -Македонија, како и за делниците Свети Николе - Велес, Гостивар - Кичево кои се финансирани преку инвестициски банки.

Во Собранието на Република Северна Македонија се изгласа закон за државна гаранција за заем од ЕБРД од 96.000.000,00 денари кои ќе се користат за финансирање на дел од Интерконекторот Грција - Македонија, Делницата Свети Николе - Велес и Делницата Гостивар - Кичево.

Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции започна со разработка и изготвување на физибилити студија за интерконекторот Србија - Македонија, како и целосна ESIA физибилити студија за имплементација на водород.

Со финансиската проекција, планираниот развој и изградба на гасоводната мрежа за пренос на природен гас во Република Северна Македонија во наредните години должина на преносната мрежа се прогнозира да се зголеми од 486 km кои се моментално изградени во 2024 година на 632 km во наредните 3 до 4 години.

**Табела 1. Должини на гасоводна мрежа**

| **Прогнозирана должина на преносната мрежа на Република Северна Македонија изразено во km** | | | |
|---|---|---|---|
| 2024 година | 2025 година | 2026 година | 2027 година |
| 486 km | 486 km | 569 km | 632 km |

Во однос на должините на мрежата, изградената гасоводна мрежа ќе остане непроменета и во 2025 години со оглед дека не се планира во 2025 година да завршат планираните градби.

Изработка на десетгодишна анализа за прогнозирани количини за пренос на природен гас во Република Северна Македонија се состои во Финансиската проекција на НОМАГАС АД Скопје од која може да се воочи растот на побарувачката и преносот на природен гас во Република Северна Македонија. Со тоа што во 2028 година се прогнозира нагло зголемување на преносот на природен гас со започнување на работа на нови гасни централи во Република Северна Македонија.

**Табела 2. Десетгодишни прогнози за пренос на природен гас**

| **Десетгодишните прогнози за побарувачката на природен гас во Република Северна Македонија во милиони Nm3** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2024 год. | 2025 год. | 2026 год. | 2027 год. | 2028 год. | 2029 год. | 2030 год. | 2031 год. | 2032 год. | 2033 год. | 2034 год. |
| 362 | 407 | 452 | 497 | 766,5 | 789 | 798 | 807 | 816 | 825 | 834 |




Изработка на повеќегодишен план за инвестиција со системот за пренос на природен гас во Република Северна Македонија.

**Табела 3. Планови за инвестиции за кои се обезбедени средства**

| **Планови за инвестирање во системот за пренос на природен гас изразено во илјади евра** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Делници** | **2024** | **2025** | **2026** | **2027** |
| Интерконекција Северна Македонија - Грција | 33.346,00 | 33.346,00 | 16.673,00 | 0 ,00 |
| Гостивар - Кичево | 0,00 | 10.800,00 | 18.000,00 | 7.200,00 |
| Свети Николе - Велес | 0,00 | 8.800,00 | 2.200,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО** | **33.346,00** | **52.946,00** | **36.873,00** | **7.200,00** |

НОМАГАС АД Скопје преку Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции продолжи со учеството во меѓународни и регионални проекти за гасификација а се од особена важност за афирмација на гасификацијата во Република Северна Македонија, како и за целиот регион и тоа во:

Регионалната иницијатива на Централна и Југоисточна Европа за гасно поврзување (CESEC) која што има за цел унапредување на диверзификацијата на снабдувањето со природен гас и обезбедување на сигурноста во снабдувањето на регионот по пат на унапредување на регионалната инфраструктура и подобрување на интеграцијата на пазарите, преку заедничко ангажирање на сите земји членки на ЕУ и на Договорните страни на Енергетската заедница. Конкретните активности и постапувањето по однос на произлезените обврски ќе се остварат преку земање на активно учество во работните тела кои имаат за цел следење на спроведувањето на овој проект.

Следење и преземање на соодветни активности во однос на следните регионални проекти: Транс јадрански гасовод (ТАП), Јонско јадранскиот гасовод (ИАП), Интерконектор Турција - Грција (ТГИ), Проектите на Енергетската заедница, искористување на LNG терминали од околните земји и други. Зависно од прогресот во реализацијата на наведените проекти, ќе се преземат конкретни активности за поврзување со истите.

Поднесување на проектни апликации до Секретаријатот на Енергетската Заедница и Европската Комисија со цел нивно вклучување во Листата на Проекти од заеднички интерес (PCI) и Проекти кои се од интерес на Енергетската Заедница (PECI).

Спроведување на активности за членство во Европската мрежа на операторите на преносните системи за гас (ENTSOG) во својство на Оператор на систем.

Евалуација на поднесените понуди за набавка на работа - Изградба на интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција / Делница лоцирана во Северна Македонија со број на оглас 2023/S 227-713212 (TED).

Изработка на Записник од евалуација на понудите за набавка на работа - Изградба на интерконективниот гасовод Северна Македонија – Грција / Делница лоцирана во Северна Македонија.

Преговори со ЕБОР за склучување на Договор за задолжување за изградба на делниците Св. Николе – Велес, Гостивар-Кичево и Интерконектор МК-ГР.

Редовна комуникација преку електронски гласила или работни средби со консултантите од IPF10 во однос на изработката на Физибилити Студијата и ЕСИА за проектот гасоводот за интерконекција Северна Македонија –Србија.

Изработка на квартален Акциски план за МФ.

Редовна соработка со надлежните министерства и институции како, Министерство за економија, Министерство за финансии и Секретаријатот за Европски прашања.

Преговори со ЕИБ во врска со постапката за избор на изведувач на градбата на Интерконекторот со Грција. Во септември се донесе и Одлука за поништување на постапката и реобјавување на нова постапка за избор на изведувач на градбата. По носење на таквата одлука се работеше на корекции на тендерската документација согласно барањата на банките.

Усогласување на адендумите за Законот за државна гаранција, Договорот за заем и Договорот за инвестициски грант со ЕИБ во соработка со ЕИБ и Министерството за финансии.

Редовна комуникација со ЕИБ и ЕБОР во однос на имплементација на проектите финансирани од предметните банки. Соработка со банките и други институции по однос на жалби од невладини организации.

Редовна комуникација електронска или преку работни средби со консултантите од IPF10 во однос на изработката на Физибилити Студијата и ЕСИА за проектот гасоводот за интерконекција Северна Македонија – Србија. Во овој период се извршија и јавни консултации со општините долж трасата.

Секторот за меѓународна соработка, развој и инвестиции имаше учество на Енергетски форум на Југоисточна Европа (SEEF2024).

Корекции на тендерската документација за спроведување на постапката за избор на изведувач на изградбата на Интерконекторот со Грција согласно барањата на ЕИБ и ЕБОР. Објавена ТД за избор на изведувач на изградбата на Интерконекторот со Грција.

Евалуација на понуди по ТД за избор на изведувач на изградбата на Интерконекторот со Грција и изработка на Извештај од евалуација и усогласување на истиот со ЕИБ.

Редовна коминикација електронска или преку работни средби со консултантите од IPF10 во однос на изработката на Физибилити Студијата и Студијата за имплементација на водородот за проектот интерконекција Северна Македонија –Србија и изработка на Меморандум за разбирање со Србијагас.

Изработка и поднесување на Апликација за Техничка помош за изработка на проектна документација за проектот интерконекција Северна Македонија –Србија преку програмата за поврзување во Западен Балкан – CONNECTA 2.

Изработка на информација со предлог Закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на платени обврски кон странски кредитори во траен влог во НОМАГАС АД Скопје.

Учество на состаноци со IPAM (Independent project accountability mechanism), независно тело во ЕБОР кое врши проверка и процена на валидноста на жалбите од невладините организации.

## 2.5 Следење и соработка со Секторот за диспечерски центар

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година беа пренесени 3.735.851.163 kWh, од кои 2.659.915 kWh се за сопствени и технолошки потреби, пренесени количини од трговци изнесуваат 3.733.191.248 kWh. Вкупните дебаланси изнесува 160.285.941 kWh негативен дебаланс, 97.519.601 kWh позитивен дебаланс, за кои Диспечерски сектор на дневна основа ги покриваше преку трансакции на Балкан Гас Хуб со што го одржуваше системот за пренос на природен гас во стабилна состојба. На берзата беа купени 102.275.000 kWh и продадени 39.265.000 kWh. Воедно во изминатиот период на месечно ниво преку трансакции, односно набавка на природен гас за покривање на загубите и сопствените потреби во системот за пренос на природен гас беа набавени количини кои изнесуваа 2.640.000 kWh за сопствени потреби и 5.127.000 kWh за покривање на загубите.

Табела 1. Преглед на пренесени количини по месеци

| **Пренесени количини на природен гас во kWh по месеци** | |
|---|---|
| Јануари | 503.719.562 |
| Февруари | 424.179.126 |
| Март | 255.189.207 |
| Април | 132.843.009 |
| Мај | 41.180.515 |
| Јуни | 204.246.492 |
| Јули | 339.521.801 |

| | |
|---|---|
| Агуст | 379.913.788 |
| Септември | 352.568.084 |
| Октомври | 197.288.586 |
| Ноември | 467.704.324 |
| Декември | 437.496.669 |
| **ВКУПНО** | **3.735.851.163** |

Табела 2. Преглед на дебаланси по месеци

| **Количини дебаланс на природен гас во kWh по месеци** | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Негативен дебаланс** | **Позитивен дебаланс** |
| Јануари | -16.809.242 | 15.358.701 |
| Февруари | -12.789.304 | 6.346.503 |
| Март | -21.783.075 | 10.140.219 |
| Април | -15.518.767 | 4.127.282 |
| Мај | -1.991.381 | 1.385.847 |
| Јуни | -17.027.264 | 10.056.956 |
| Јули | -10.956.253 | 5.706.998 |
| Агуст | -9.312.586 | 2.754.416 |
| Септември | -5.545.553 | 7.520.100 |
| Октомври | -14.281.634 | 6.654.033 |
| Ноември | -14.897.251 | 16.379.908 |
| Декември | -19.373.631 | 11.088.638 |
| **ВКУПНО** | **-160.285.941** | **97.519.601** |

Табела 3. Преглед на трансакции на берза по месеци

| **Покривање на дебалансите, активност на Балкан Газ Хуб во kWh по месеци** | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Купени количини** | **Продадени количини** |
| Јануари | 8.700.000 | 8.800.000 |
| Февруари | 9.100.000 | 2.725.000 |
| Март | 17.700.000 | 3.200.000 |
| Април | 14.765.000 | 4.800.000 |
| Мај | 790.000 | 160.000 |
| Јуни | 5.500.000 | 1.000.000 |
| Јули | 9.150.000 | 1.050.000 |
| Агуст | 5.700.000 | 350.000 |
| Септември | 2.280.000 | 3.130.000 |
| Октомври | 7.580.000 | 0 |
| Ноември | 8.600.000 | 6.550.000 |
| Декември | 12.410.000 | 7.500.000 |

| ВКУПНО | 102.275.000 | 39.265.000 |
|---|---|---|

Измерените количини за сопствени потреби изнесуваа 2.659.915 kWh. Техничките загуби изнесуваа 3.080.374 kWh.

Табела 4. Преглед на измерени количини на природен гас за сопствени потреби и пресметани загуби

| Преглед на измерени количини на природен гас за сопствени потреби и пресметани загуби во kWh по месеци | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Сопствени потреби** | **Загуби** |
| Јануари | 455.567 | 868 |
| Февруари | 401.819 | 21.058 |
| Март | 268.266 | 37.349 |
| Април | 135.391 | 144.585 |
| Мај | 75.707 | 62.725 |
| Јуни | 121.275 | 752.163 |
| Јули | 148.743 | 1.310.362 |
| Агуст | 120.416 | 1.758.402 |
| Септевмри | 132.631 | 1.015.456 |
| Октомври | 150.577 | 25.672 |
| Ноември | 333.481 | -796.799 |
| Декември | 316.042 | -.1.251467 |
| **ВКУПНО** | **2.659.915** | **3.080.374** |

Количините за покривање на сопствени потреби и загуби се набавуваат во наредниот месец за претходниот.

Табела 5. Преглед на набавени количини на природен гас за покривање на сопствени потреби и загуби

| Преглед на набавени количини на природен гас за покривање на сопствени потреби и загуби во kWh по месеци | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Сопствени потреби** | **Загуби** |
| Јануари | 300.000 | 0 |
| Февруари | 456.000 | 0 |
| Март | 402.000 | 22.000 |
| Април | 270.000 | 38.000 |
| Мај | 136.000 | 145.000 |
| Јуни | 76.000 | 63.000 |
| Јули | 122.000 | 752.000 |
| Агуст | 150.000 | 1.310.000 |
| Септевмри | 121.000 | 1.760.000 |
| Октомври | 133.000 | 1.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| Ноември | 151.000 | 26.000 |
| Декември | 323.000 | 11.000 |
| **ВКУПНО** | **2.640.000** | **5.127.000** |

➢ **Пренесени количини по трговци**

Пренесените количини по трговци на месечно ниво прикажани се во Табела 1 - Табела на пренесени количини по трговци во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

Табела 6- Табела на пренесени количини по трговци во периодот од 01.01.2024 год. до 31.12.2024 год.

| kWh | ТЕ-ТО | ЕСМ | Макпетрол | Промгас | Гастејнер | ДТИРЗ | Гама Гас Трејд | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | 348.420.024 | 98.042.588 | 26.130.588 | 29.747.245 | 923.550 | 0 | 0 | **503.263.995** |
| Февруари | 305.583.734 | 67.381.634 | 24.210.266 | 25.369.017 | 1.232.656 | 0 | 0 | **423.777.307** |
| Март | 130.187.639 | 80.558.366 | 25.209.857 | 17.728.952 | 1.236.127 | 0 | 0 | **254.920.941** |
| Април | 55.180.742 | 31.128.437 | 26.754.808 | 13.995.635 | 1.685.011 | 3.962.985 | 0 | **132.707.618** |
| Мај | 0 | 0 | 25.243.653 | 11.115.096 | 1.377.599 | 3.368.460 | 0 | **41.104.808** |
| Јуни | 169.984.958 | 0 | 18.836.740 | 9.728.731 | 1.913.773 | 3.661.015 | 0 | **204.125.217** |
| Јули | 301.345.327 | 0 | 24.991.477 | 8.473.397 | 1.734.485 | 2.828.372 | 0 | **339.373.058** |
| Август | 339.494.453 | 0 | 24.361.581 | 9.222.340 | 3.319.990 | 3.395.008 | 0 | **379.793.372** |
| Септевмри | 312.299.641 | 0 | 24.512.040 | 8.710.549 | 3.451.382 | 3.461.841 | 0 | **352.435.453** |
| Октомври | 132.335.238 | 20.364.609 | 23.007.142 | 12.436.051 | 4.257.291 | 4.298.831 | 438.847 | **197.138.009** |
| Ноември | 344.205.054 | 62.996.401 | 26.210.232 | 22.346.873 | 3.606.442 | 5.673.786 | 2.332.055 | **467.370.843** |
| Декември | 284.630.503 | 92.694.716 | 25.190.867 | 23.736.716 | 2.028.209 | 6.061.368 | 2.838.248 | **437.180.627** |
| **ВКУПНО** | **2.723.667.313** | **453.166.751** | **294.659.251** | **192.610.602** | **26.766.515** | **36.711.666** | **5.609.150** | **3.733.191.248** |

## 2.6 Следење и соработка со Секторот за мрежен инженериг и техничка работа

Секторот за мрежен инженериг и техничка работа активно учествуваше во изработката на нови Мрежни правила. Со планот за јавни набавки од 2024 година, како постапки кои Секторот ги заврши во смисла на достава на техничка документација и барање со услови за постапките, се:

Изработка и ревизија на планска документација - урбанистички проект, идеен, основен и елаборати за ГП 6,26 КО Ржаничино.

За изработените проекти за корисници, и тоа: "Приклучна делница 26 и касарна Боро Менков од Куманово" и "Приклучна делница 3б со шахта и МРС за објект КООП и МРС за објект УНОПРОДУКТ", добиени се одобренија за градење на истите, за кои се очекува правосилност во наредниов период. Постапката за истражување на пазар за изградба на нови приклучоци е веќе започната, врз база на техничка документација која ја изработи Секторот за мрежен инженеринг и технички работи.

Исто така работеше на допрецизирање на проектната задача за проектот за разводен гасовод за приклучок на ТЕ-ТО со проектантите. Исто така до корисникот е доставена основна документација за ГМРС ТЕ-ТО и гасхроматографи, како би можеле да продолжат со барање на понуди и набавка на опремата. Од страна на НОМАГАС АД Скопје доставена е и разработена предлог траса на гасоводот со надолжен профил на истиот.

Во однос на започнатата постапка за приклучување на корисникот – НОВАПОР по издаденото Решение за приклучок, потпишан е Договор за приклучување со арх.бр. 03-5276/1 на ден 04.12.2023, започната е изработка на проектната документација.

Секторот за мрежен инженериг и техничка работа имаше учество во подготовката на новите Мрежни правила за пренос на природен гас од аспект на изработка на Методологија за пресметка на надоместокот за нови приклучоци.

Подготовка на техничка документација за изработка на проектна документација за гасоводи: крак Кавадарци, крак кон ТЕЦ Неготино, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Прилеп.

Избор на правно лице за проектантски услуги и ревизија на техничка документација. Постапката е започната со завршено истражување на пазар и доставена комплетна техничка докуметација, доставено барање и услови за отпочнување на постапката до надлежните од одделението за јавни набавки и архивата на НОМАГАС. Избран е економски оператор за извршувањето на проектантски услуги.

Поднесе урбанистичкиот проект на одобрување за услугата за изработка на планска документација-урбанистички проект, идеен, основен и елаборати за ГП 6,26 КО Ржаничино, Општина Петровец

Секторот за мрежен инженериг и техничка работа учествуваше во изработка на машинско градежен проект за санација на оштетениот гасовод со наслов :

Санација на гасовод на делница 6б кон Пуцко Петрол во Општина Гази-Баба со техн. Бр. 23/74-1. Истиот е ревидиран од овластен ревидент и предаден на службите за негово понатамошно постапување

Учество на годишната Седница на Стандардизација ТК 27 Гасна техника и опрема каде Раководителот на Секторот за мрежен инженеринг е и Претседател на ТК29 на ИСРМ со дневен ред: Извештај за работа за 2023, Програма за работа за 2023, листа на стандарди за усвојување, пуштање во јавна расправа и Листа на стандарди за повлекување.

Во однос на чистачките станици- учество и давање на мислење во однос на материјалите и опремата.

Завршен е и ревидиран проектот за НОВАПОР и се чека избор на изведувач за нови приклучоци за да може да се реализира приклучувањето согласно потпишаниот договор за приклучок, односно: Фабрика за производство на лесно-бетонски производи во мултифункционална зона Ќојлија општина Петровец, Блок 8 -парцела 8.3

Секторот за мрежен инженериг и техничка работа во третиот квартал направена е пресметка и идејно решение за приклучување на барател за приклучок СИ-ЕН-ЦИ Системс ДООЕЛ Скопје. (Бр. на барање 09-4535/1 од 23.09.2024.)

Во тековниот период, Раководителот на Секторот за мрежен инженеринг беше активно ангажиран во работната група од НОМАГАС АД Скопје во анализа на новиот предлог текст на новиот Закон за Енергетика.

Во тек е изработка на урбанистичките проекти за: крак Кавадарци, крак кон ТЕЦ Неготино, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Прилеп. Стапено е во контакт со претставник од ТИРЗ за усогласување на пристапот на гасоводите во зоните.

Завршена е постапката за истражување на пазар за Ревизија на проектна документација за магистрален гасовод Делница 7 Кичево -Охрид.

Тековни и вообичаени состаноци на ENTSOG каде НОМАГАС е во улога на набљудувач. На барање на ENTSOG редовно се врши достава на податоци (изработени од диспечерски центар) кои ENTSOG тимот ги бара, а се во врска со историски и прогнозирани капацитети на нашиот систем за пренос на природен гас.

Во врска со проектот Лот 7 Кичево Охрид, како одговор на проектантот Коленко го имаме добиено следниот статус на проектот Кичево-Охрид:

Урбанистичкиот проект за инфраструктура е во финална фаза, со одобрен елаборат за влијание и заштита на животната средина и одобрени услови за планирање односно добиено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Паралелно се работи и Основниот проект кој е завршен во поголемиот дел, односно: конечната траса на гасоводот, сите стационажи и позициите на ГМРС, блок станиците и чистачката станица.

Договорот за јавната набавка на услуги – изработка на урбанистички проект за инфраструктура, основен проект и Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животна средина за изградба на магистрален гасовод Делница 7 – Кичево – Охрид со времетраење од 24 месеци и истекнува. Потребно е продолжување на рокот на изработка на урбанистички проект за инфраструктура, основен проект и Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животна средина за изградба на магистрален гасовод Делница 7 – Кичево – Охрид, за да може да се заврши започнатиот проект.

Во фаза на проектирање е Урбанистички и Основен проект за изградба на Магистрален гасовод Делница 8 Свети Николе-Велес, со должина на линиски дел од 28 километри, блок станици и ГМРС Свети Николе и ГМРС Велес. При изработка на документацијата установено е дека има дел каде има пресек со железница. Побарани се услови за премин под железница. На наше Барање за преминот на магистралниот гасовод под железничка пруга Велес -Кочани добиени се Услови за изработка на техничка документација, од јавното претпријатие за железничка инфраструктура, согласно кои треба да се изработи проектот.

По доставено барање на сопствениците на земјиштето и објектите на ЕАСТ ГАТЕ за дислокација на гасовод, доставено е техничко решение за можната траса на дислокацијата со спецификација на опрема и материјали. Се работи за дислокација на гасоводните цевки кој се во функција и се со присуство на гас под притисок т.е. делницата кон ТЕ-ТО и делницата кон ТО Исток. Во одговорот покрај техничкото решение, посочено е дека дислокацијата на гасоводот е

во целост на трошок на Барателот и треба да склучи Договор за дислокација на гасоводите на предметниот опфат со НОМАГАС АД Скопје.

Изработката на планска документација-урбанистички проект, идеен, основен и елаборати за ГП 6,26 КО Ражаничино, Општина Петровец е во завршна фаза. Одобрен е урбанистичкиот проект, и се работи на основниот проект со сите фази.

Во однос на дополнителните приемна/отпремна чистачки станици- Кавадарци на Лот 5- до нас е доставен Ревидентски извештај на основниот проект за приемна и отпремна чистачка станица на делница Клечовце-Неготино од магистралниот гасовод. Ревидентскиот извештај е доставен до економскиот оператор кој е задолжен за спроведување на постапката за изградба на приемната и отпремната чистачка станица на делница Клечевце -Неготино, и истиот е должен да достави позитивно ревидиран основен проект и да продолжи со постапката.

Направена е пресметка согласно идејното решение за приклучување на Барателот СИ-ЕН-ЏИ Системс ДООЕЛ Скопје, како резултат на доставеното Барање за приклучок со барање бр. 09-4535/1 од 23.09.2024. Пресметката со проценети инвестициони средства за изградба на приклучокот е доставена за понатамошно спроведување, односно донесување на одлука на управниот одбор за одобрување на истата, на ден арх.бр.09-4535/2 од 21.10.2024 по што ќе следи изработка на Решението за приклучок. Како одговор од одборот се побарани одредени дополнувања со појаснувања во однос на предлогот и со одлука бр.02-5995/10 на ден 13.12.2024 приклучувањето е одобрено.

Направена е пресметка согласно идејното решение за приклучување на Барателот Технопавер ДООЕЛ Скопје, како резултат на доставеното Барање за приклучок со барање бр. 08-5275/1 од 04.01.2024. Пресметката со проценети инвестициони средства за изградба на приклучокот е доставена за понатамошно спроведување, односно донесување на одлука на управниот одбор за одобрување на истата, на ден арх.бр.08-5275/2 од 06.11.2024 по што ќе следи изработка на Решението за приклучок. Како одговор од одборот се побарани одредени дополнувања со појаснувања во однос на предлогот и со одлука бр.02-5995/11 на ден 13.12.2024 приклучувањето е одобрено.

Согласно Барањето за приклучување арх.бр.09-4817/1 од 08.10.2024 на Барателот ПУЛП ПАК ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Куманово издадено е Решение за приклучок арх.бр.09-4817/3 од 30.10.2024. Известен е Барателот и се очекува да ги достави потребните документи во Секторот за правни работи за да може да се потише Договорот за приклучување.

Во тек е изработка на урбанистичките проекти за: крак Кавадарци, крак кон ТЕЦ Неготино, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Тетово, ТИРЗ Прилеп. Тековно се разрешуваат проблемите кои се појавуваат. Стапено е во контакт со претставник од ТИРЗ за усогласување на пристапот на гасоводите во зоните.

Продолжува координацијата помеѓу проектантите и службите во град Скопје на урбанистичкиот инфраструктурен проект за делница 21 и 22 т.н. затварање на прстенот во град Скопје. Се дополнува проектот со бараните детални пресеци со инсталации.

Завршена е постапката за истражување на пазар за Ревизија на Ревизија на проектна документација за магистрален гасовод Делница 7 Кичево -Охрид. Направен е Извештај за спроведеното истражување на пазарот, услови и критериуми, и техничка документација за спроведување на постапката за јавна набавка и доставено на понатамошно спроведување.

## 2.7 Следење и соработка со Сектор за изградба на гасоводен систем

Секторот за изградба на гасоводен систе во периодот од 01.01.2024 - 31.12.2024 ги работеше на следните точки:

1. **Изградба на магистрален гасовод делница „Скопје-Тетово-Гостивар"**

Во 2024 година за изградба на делница Скопје – Тетово -Гостивар од гасоводниот систем,превземени се следните активности:

Коресподенција поврзана со градбата на делница Скопје – Тетово -Гостивар, помеѓу НОМАГАС АД Скопје (Инвеститор), Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар, во текот на 2024 година се завршија активностите околу изградбата. Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации, реализацијата на градбата во 2024 година е 100 % завршена.

Добиено е Решение од Државен инспекторат за техничка инспекција Решение за ставање во употреба садови под притисок.

2. **Објект Деловен простор во Ржаничино, Општина Петровец**

Градба на индустриски објект со основна класа на намена Г2 на ГП 6.25, и ГП 6.27, КО Ржаничино, Општина Петровец е започната во 2022 година.

Објектот со намена Г2 на ГП 6.25, КО Ржаничино, Општина Петровец, кој го изведува Рапид Билд Куманово, вкупниот процент на реализација е 100 %.

Објектот со намена Г2 на ГП 6.27, КО Ржаничино, Општина Петровец, кој го изведува АК Инвест, вкупниот процент на реализација е 100 %.

3. **Изградба на Отпремна чистачка станица и Приемна чистачка станица**

Заради оперативно функционирање на магистралните гасоводи Делница Лот 1 Клечовце-Неготино (Кавадарци) во должина од 96 км и делница Лот 2 Кавадарци-Прилеп-Битола Во должина од 92 км, се наметна потребата од набавка, испорака, градежни работи и машинско монтажни работи за Отпремна и Приемна чистачка станица на делница Клечовце-Неготино (делница Лот 1).

Во 2024 година се потпиша Договор со Рапид Билд Куманово како изведувач, надзор на изградбата е НОМАГАС АД Скопје.

Исто така во изминатиот период е одобрена опремата за чистачките станици и се одобрени сите потребни материјалите.

## 2.8 Следење и соработка со Секторот за експлоатација и одржување

Во периодот од 01.01.2024 – 31.12.2024 година покрај редовните работни обврски наведени во Годишниот план за одржување, континуирано се вршеше увид, одржување и санација, промена на сите неопходни уреди на ГМРС и МРС.

Секторот за експлоатација и одржување изврши контрола на блок станици и ГМРС на ЛОТ 1 (Клечевце-Неготино), како и проверка за можно ставање во функција на активната заштита на ЛОТ 1 , притоа е констатирано дека катодните станици не се напојувани со електрична енергија, контактирано е со одговорни лица од ЕВН и превземени се сите мерки за што е можно побрзо приклучување на станиците на електроенергетската мрежа и ставање во функција на активната катодна заштита.

При извршување на рутинска контрола на ГГМ Скопје на Делница број 12, констатирано е оштетување на гасоводна опрема, односно физички е оштетен собирачот на кондезат број 7 и извадено (отстрането) е контролно мерно место КММ број 94 на влезот пред поранешна Стаклара, истото е пријавено до надлежните институции.

При извршување на рутинска контрола на ГГМ Скопје на Делница број 6, 6А и 6Б констатирано е дека гасоводните цевки ДН 500, ДН 300 и ДН 80 се откопани од страна на градежна фирма при изградба на сервисна улица без согласност и надзор од НОМАГАС АД Скопје, исто така констатирани се оштетувања на гасоводните цевки ДН 500, ДН 300 и ДН 80.

Извршен е инспекциски надзор на оштетените делници 6, 6А и 6Б заедно со инспекциско тело Цирко и со инспектори од страна на Државниот инспекторат за техничка инспекција (ДИТИ). Добиен е технички извештај од страна на инспекциското тело со кој се потврдуваат оштетувањата на гасоводните делници 6 и 6Б, додека на делница 6А гасоводна цевка ДН 500 има само помали оштетувања на изолацијата.

Затворени се делница број 6 и 6Б од ГГМ Скопје кон потрошувач Топлана Исток, Пуцко Петрол и Континентал поради оштетувања направени со извршување на неовлатени градежни работи над гасоводната инсталација. Делниците број 6 и 6Б се исклучени со затворање на вентилот ДН 300 во шахта број 6 од ГГМ Скопје.

Извршена е санација на помали оштетувања на изолацијата на гасовдната цевка ДН 500 на делница 6А кон потрошувач ТЕ-ТО.

- Направени се записници за потрошена количина на природен гас со потрошувачите.
- Извршена е замена на филтрите на ГМРС Југ на две регулациони линии.
- Извршена е репарација на пилот на втората регулациона линија на ГМРС Југ.
- Извршена е репарација на регулаторот на притисок на втората регулациона линија на ГМРС Југ.

На барање на потрошувачот, извршено е празнење на линискиот дел на МРС "ЈСП" со цел за обезбедување на сигурност при извршување на ремонтни работи на внатрешната линија од страна на потрошувачот. По завршување на ремонтните активности извршено е повторно заполнување и вклучување на корисникот.

Извршена е симулација на работењето на гас генераторите на ГМРС Југ и ГМРС Север, во услови без напојување со електрична енергија. По што е констатирано дека функционираат без проблем.

Извршена е проверка на херметичност и непропустливост на сите мерно-регулациони станици на ГГМ Скопје и ГГМ Куманово.

Извршена е проверка и симулација на работењето на сигурносните АТ вентили на дел од мерно-регулационите станици (МРС) и главно мерно-регулационите станици (ГМРС) заедно со инспекциското тело ТЦИ Еуро Церт.

Извршена е дислокација на контролно мерно место КММ број 37 од активната катодна заштита на ГГМ Скопје, Делница број 6. Дислокацијата е извршена поради делумно затрупување при преуредување на просторот од страна на сопственикот на објектот.

Извршена е дислокација на издувната свеќа од заштитната цевка (кожув) на гасоводната линија ДН 300 кон потрошувачот "Топлана Исток" поради механички оштетувања и поставена е нова.

На 1ви секој месец се изготвуваат записници за потрошена количина на природен гас со потрошувачите, како и читање на врдностите за потрошена количина на природен гас за сопствени потреби на ГМРС Скопје Север, ГМРС Скопје Југ, ГМРС ТАВ и ГМРС Бунарџик.

Извршена е замена на филитрите на ГМРС Скопје Север на две регулациони линии. Сетиран е притисокот и протокот на двете линии и извршена е проверка на херметичност.

Извршена е демонтажа на постоечките турбински и рото мерачи на кои им завршува периодот на верификација и истите се заменети со мерила на кои е извршено периодично испитување и верификација. Работите се изведуваат во присуство на инспектор од Бирото за Метрологија на следните мерно-регулациони станици:

- МРС Фурна Диме - Скопје
- МРС Мак Ауто Стар - Скопје
- МРС Мит Груп - Куманово
- МРС Технички Гасови - Скопје
- МРС ДС Смит - Скопје
- МРС Жито Лукс - Скопје
- МРС Тутунски Комбинат - Скопје
- МРС Европа - Скопје
- МРС Порше - Скопје

Демонтажата и монтажата на турбинските мерила кај потрошувачите МРС Фурна Диме - Скопје и МРС Жито Лукс - Скопје, по барање на корисниците во согласност со нивните планови за производство оваа промена на турбински мерачи е направена во Сабота 06.07.2024 год.

Извршена е демонтажа на турбинско мерило од МРС Палпласт - Куманово.

Извршено е вонредно испирање и заптивање на два вентила ДН 400 и еден вентил ДН 300 во шахта број 6, како припрема пред вршење на санација.

Извршена е демонтажа на турбинско мерило на МРС Топлана Исток. Монтирано е дргуго мерило на кое претходно е извршена калибрација.

- Извршено е празнење на Делница број 6 и 6Б од ГГМ Скопје.
- Извршена е замена на уред за подмачкување на вентил број 3 ДН 300 во шахта број 6 ГГМ Скопје.
- Извршена е репарација и подесување на трета регулациона линија на ГМРС Север.

- Извршено е детално мерење на заштитниот потенцијал на ЛОТ 1 заедно со независното инспекциско тело ТЦИ-Еуроцерт.
- Извршено е мерење на отпорот на заземјувањето на сите блок станици и главно мерно-регулационите станици ГМРС долж ЛОТ 1 заедно со независното инспекциско тело ТЦИ-Еуроцерт.
- Извршена е проверка и контрола на катодните станици на ЛОТ 1, при што се нагласува дека сите катодни станици не се напојувани со електрична енергија и не се активни, освен една СКЗ 4 – Пепелиште на која при контролата е констатиран дефект, односно истата е вон функција бидејќи пренапонската заштита е пробиена, осигурачите за пренапонска заштита се целосно електрички пробиени и се однесуваат како во куса врска. Сето ова најверојатно е резултат на екстремно висок напон при удар на гром во непосредна близина на катодната станица. Одпочнати се активности за активирање на останатите катодни станици. Стапено е во контакт со ЕВН се очекува брз одговор и активност од нивна страна.

Неколку пати извршено е позиционирање на гасовдна цевка со апарат за детекција на цевки, на пресечни точки со електрична инсталација на ЕВН, при положување на нови кабли на ГГМ Скопје.

При рутинска контрола на станиците за катодна заштита на системот за пренос на Деве Баир – Скопје и градската гасоводна мрежа Скопје, констатиран е можен проблем кај катодната станица Цементара – Скопје, односно се покажува дека истата има незадоволителен капацитет, поради неколкуте можни дефекти на градската гасовдна мрежа со кои е можно губење на потенцијалот. Отпочната е постапка за набавка на нова катодна станица со поголем капацитет.

Поради многуте активни пожари, со цел за превенција извршено е вонредно чистење и третирање со хербидици на гасоводните објекти од системот за пренос на природен гас.

Извршен е надзор при санација на оштетувања на гасоводни цевки ДН 80 кон потрошувачи Пуцко Петрол и Континентал и ДН 300 кон потрошувачи топлана Исток и Виталија на делница 6 и 6Б од градската гасоводна мрежа Скопје. Санацијата е извршена по претходно изработена процедура за санација изработена од страна на секторот за експлоатација и одржување, а пропратена со техничка документација изработена од страна на изведувачот. Покрај извршениот надзор од страна на секторот за експлоатација и одржување, постојано присуство за време на санацијата имаше и од страна на акредитираното инспекциско тело ЦИРКО, кое по извршената санација изготви позитивен технички извештај, со чие поднесување до Државниот инспекторат за техничка инспекција повтороно беа ставени во употреба гасоводните делници 6 и 6Б.

По успешно изведената санација извршено е заполнување на гасоводните цевки ДН 80 и ДН 300 од ГГМ Скопје и повторно беа ставени во употреба мерно-регулационите станици кон потрошувачите.

На ГГМ Скопје отпочнати се активности за замена на дотраени знаци за обележување и предупредување на гасоводните објекти (шахти). Замената на знаците за обележување и предупредување ќе продолжи во првиот квартал од наредната календарска година.

Извршена е проверка на функционалноста на вградената опрема, како и испирање и подмачкување на вентилите на блок станиците долж системот за пренос на гас ЛОТ 1. При

проверката и процесот на подмачкување согледани се следните недостатоци на вградената опрема:

- скоро сите уреди за подмачкување (мазалици) се вон функција, истите се разработени на лице место, но без поголем резултат, за да се изврши испирањето и подмачкувањето користена е заменска мазалица од сетот за подмачкување.
- недостига хидрол во управувачките единици
- кородирани се пумпите за рачна (хидраулична) манупулација со управувачките единици, со минимално количество на масло
- забележана е корозија на дел од вградената опрема на топчестите вентили (соленоиди, вентили за дренажа и сл.)

Извршено е заполнување со хидрол масло во управувачките единици во согласност со препораките од страна на производителот на опремата, при повторениот обид за отворање/затворање на топчестите вентили, истите не се придвижуваат. Хидрол маслото преминува од едниот резервоар во другиот, без ефект на движење на топката на вентилот, што сугерира на можно оштетување на заптивните елементи (манжетни) на клиповите внатре во управувачката единица.

Пред да се направи подмачкувањето, извршено е чистење на блок станиците на ЛОТ 1 од растителност.

На блок станицата БС 4 - Вршаково, констатирано е оштетување на еден од столбовите од оградата и на самата заштитна ограда.

Извршено е подмачкување на вградените ПП вентили на ГМРС Штип, вентилите се со надземна изведба и рачен погон, истите се функционални и процесот на подмачкување е извршен целосно.

На ден 22.10.2024год. од страна на овластена фирма (Сигурност ДП ДООЕЛ) беа подигнати за сервисирање дел од ПП Апаратите, од ГГМ Скопје и тоа од следните Мерни станици: МРС ДС Смит, МРС МЗТ Енргетика, МРС Вивакс, МРС Цементара-Титан, МРС Мак Ауто Стар, МРС Алкалоид, МРС Пивара, МРС Европа, МРС ЈСП, МРС Американска Амбасада, МРС Алкалоид Лафома, МРС Империал Тобако и МРС Жито Лукс.

Наведените ПП Апарати по извршениот сервис на ден 24.10.2024год. се вратени на истите мерно-регулациони станици од страна на овластената фирма во придружба на вработени од секторот за експлоатација и одржување.

Извршено е отстранување на дефект на станица за катодна заштита СКЗ-4 Пепелиште на ЛОТ 1. При претходна рутинска контрола констатирано е дека е изгорен електронскиот исправувач на напон, притоа истиот е остранет. Како најблиска иста станица за катодна заштита која е вон употреба е станицата за катодна заштита СКЗ-5 во ГМРС Неготино. Од станицата за катодна заштита СКЗ-5 е изваден електронскиот дел и истиот е монтиран во станицата за катодна заштита СКЗ-4.

Со промената на делот е извршено активирање на станицата за катодна заштита СКЗ-4 и истата е ставена во функција. Станицата за катодна заштита СКЗ-4 е единствената станица која активно го штити системот за пренос на гас ЛОТ 1, останатите станици за катодна заштита се вон функција бидејќи не се напојувани со електрична енергија.

По констатиран зголемен заштитен потенцијал на системот за пренос на гас Деве баир – Скопје, извршено е превентивно исклучување на станиците за катодна заштита СКЗ-1 во Пролетер, СКЗ-2 во Страцин и СКЗ-3 во ПЧС Скопје Север. Констатирано е дека причина за проблемот е станицата за катодна заштита СКЗ-2 Страцин, како можен дефект е референтната електрода или електронски исправувач на напон. Станицата за катодна заштита СКЗ-2 Страцин е оставена вон функција, се до отстранување на дефектот. Станиците за катодна заштита СКЗ-1 и СКЗ-3, по детекцијата на проблемот, веднаш беа ставени во функција и истите активно го штитат системот за пренос на гас.

Извршено е завршно мерење на заштитниот потенцијал на неколку преостанати контролни мерни места на системот за пренос на гас Деве Баир – Скопје.

Извршено е мерење на заштитниот потенцијал на системот за пренос на гас ЛОТ 5 со акредитирано инспекциско тело ТЦИ Еуро Церт, мерењето е извршено на контролните мерни места на потегот од 2 км до 18 км.

Отстранет е дефект на гасниот генератор на ГМРС Скопје Север. По извршена контрола и направена симулација на работниот режим на гасниот генератор од автоматско во рачно активирање, констатирано е дека истиот не стартува, како причина за неисправноста е нискиот напон на акумулаторот. Истиот е заменет со нов и гасниот генератор повторно е ставен во фунцкија.

Извршена е замена на оштетени пренапонски осигурувачи на станицата за катодна заштита СКЗ-1 ГГМ Скопје во Цементара.

Во два наврати извршено е позиционирање на гасовдна цевка со апарат за детекција на цевки на ГГМ Скопје, делница 29 во близина на Топлана 11 Октомври, по барање на ЕСМ снабдување, при изведување на градежни работи за поставување на топловодна мрежа, со цел да се избегне можно оштетување на гасоводната инсталација.

Извршено е позиционирање на гасовдна цевка со апарат за детекција на цевки на ГГМ Скопје, делница 13 во близина на влезот на Охис, по барање на Водовод и канализација, при изведување на градежни работи за поставување на атмосферска мрежа, со цел да се избегне можно оштетување на гасоводната инсталација.

Отстранет е дефект на ГМРС Бунарџик со премостување на енергетските кабли за напојување на пумпите од системот за загревање, исто така извршена е промена во режимот на работа на пумпите.

Извршена е репарација на пилот и копилот на МРС Алкалоид Лафома, по извршената репарација направена е проверка на непропустливост и подесување на работен притисок.

Извршена е репарација на регулатор (промена на лежиште и заптивки) и на пилот и копилот на МРС Жито Лукс, по извршената репарација направена е проверка на непропустливост и подесување на работен притисок.

Извршена е подготовка и активирање на потрошувачот МРС Пулп Пак Трејд – Куманово, монтиран е ротомерач, извршено е поврзување на импулсни водови и сонди за притисок и температура, проверка на непропустливост, подесување на работен притисок и заполнување на линијата на потрошувачот.

Извршено е вклучување на потрошувачот МРС ФЗЦ 11ти Октомври, пред да се пушти проток и да се заполни линијата кон потрошувачот извршена е проверка на непропустливост и подесување на работен притисок на станицата.

## 2.9. Следење и соработка со Секторот за финансии и комерција

Во изминатиот период се фактурираа 427.437.814,00 денари за пренос на природен гас. Наплатени се 329.676.894,00 денари од негативен дебаланс и платени се 173.671.801,00 денари од позитивен дебаланс.

На Балкан Гас Хуб се извршени трансакции од вкупно 187.834.403,00 денари за купен гас за балансирање и 78.865.566,00 денари за продаден гас за балансирање.

Табела 1. Финансиски преглед на пренос по месеци

| Пренос на природен гас (во денари) | |
|---|---|
| Јануари | 66.341.544 |
| Февруари | 55.673.321 |
| Март | 34.116.006 |
| Април | 17.987.112 |
| Мај | 5.828.819 |
| Јуни | 23.466.396 |
| Јули | 24.814.094 |
| Август | 27.594.860 |
| Септевмри | 25.819.064 |
| Октомври | 26.201.643 |
| Ноември | 61.603.987 |
| Декември | 57.990.968 |
| **ВКУПНО** | **427.437.814** |

Табела 2. Финансиски преглед за дебаланси по месеци

| Дебаланси од трговци (во денари) |
|---|

| Месец | Негативен дебаланс | Позитивен дебаланс |
|---|---|---|
| Јануари | 34.333.049 | 24.866.401 |
| Февруари | 21.750.977 | 8.827.658 |
| Март | 34.942.275 | 13.138.242 |
| Април | 24.280.732 | 5.121.443 |
| Мај | 3.463.261 | 1.963.284 |
| Јуни | 32.688.607 | 15.319.736 |
| Јули | 20.006.370 | 8.523.401 |
| Август | 20.404.622 | 4.965.948 |
| Септември | 11.329.890 | 12.217.474 |
| Октомври | 31.308.252 | 12.597.878 |
| Ноември | 40.769.874 | 39.546.264 |
| Декември | 54.398.985 | 26.584.072 |
| **ВКУПНО** | **329.676.894** | **173.671.801** |

Табела 3. Финансиски преглед за трансакции на берза за покривање дебаланси по месеци

| Трансакции на Балкан Гас Хуб за покривање на дебалансите (во денари) | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Купени количини** | **Продадени количини** |
| Јануари | 16.511.990 | 15.696.973 |
| Февруари | 14.644.789 | 4.169.344 |
| Март | 25.770.285 | 4.614.600 |
| Април | 22.480.858 | 6.675.377 |
| Мај | 1.248.114 | 242.736 |
| Јуни | 10.137.952 | 1.643.932 |
| Јули | 15.261.879 | 1.693.618 |
| Август | 11.287.279 | 638.106 |
| Септември | 4.594.743 | 5.539.722 |
| Октомври | 13.901.234 | 0 |
| Ноември | 21.169.610 | 17.871.930 |
| Декември | 30.825.670 | 20.079.228 |
| **ВКУПНО** | **187.834.403** | **78.865.566** |

Изготвен се и одобрение за надоместокот за неутралност кој во оваа година изнесува 44.611.638,00 денари.

Табела 4.Финансиски преглед за надоместок за неутралност по месеци

| Надоместок за неутралнос за 2023 година (во денари) | |
|---|---|
| **Месеци** | **Износ** |

| | |
|---|---|
| Јануари | -11.078.144 |
| Февруари | |
| Март | -3.046.306 |
| Април | -1.585.856 |
| Мај | -491.204 |
| Јуни | -2.439.297 |
| Јули | -4.055.508 |
| Агуст | -4.538.530 |
| Септември | -4.211.603 |
| Октомври | -2.355.799 |
| Ноември | -5.585.082 |
| Декември | -5.224.309 |
| **ВКУПНО** | **-44.611.638** |

Количините за покривање на сопствени потреби и загуби се набавуваат во наредниот месец за претходниот. Вкупната сума за покривање на сопствените потреби и загуби во изминатиот период изнесува 14.868.820,00 денари, го опфаќа периодот од (Декември 2023 година – Ноември 2024 година) Каде што сопствените потреби изнесуваа 4.909.212,00 денари, техничките загуби изнесуваа 9.959.608,00 денари.

Табела 5. Финансиски преглед за набавени количини на природен гас за покривање на сопствени потреби и загуби

| Набавка на природен гас за сопствени потреби и загуби (во денари) | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Сопствени потреби** | **Загуби** |
| Јануари | 589.683 | 0 |
| Февруари | 762.359 | 0 |
| Март | 595.995 | 31.128 |
| Април | 381.170 | 53.645 |
| Мај | 207.177 | 235.875 |
| Јуни | 156.815 | 103.254 |
| Јули | 208.042 | 1.222.285 |
| Агуст | 285.335 | 2.965.357 |
| Септември | 241.584 | 3.165.190 |
| Октомври | 249.212 | 2.085.227 |
| Ноември | 343.261 | 66.626 |
| Декември | 888.579 | 31.021 |
| **ВКУПНО** | **4.909.212** | **9.959.608** |

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година во НОМАГАС АД Скопје се спроведоа вкупно 45 постапки.

Во врска со спроведените постапки во 2024 година беа поднесени 4 жалби до Државната Комисија за Жалби по Јавни Набавки и истите беа одбиена како неосонована.

Одделението за следење на реализацијата на договорите води евиденција на сите склучени договори за јавни набавки, по различни параметри. На овој начин, се интегрираат податоците од Одделението за јавни набавки, во чија надлежност се прашањата од доменот на јавните набавки, со работењето на Оддлението за финансии, со цел да се има егзактен податок во реално време за вредносна реализација на договорите за јавна набавка. Преку анализа на реализацијата на договорите за јавна набавка се прави и проценка односно корекција на планирањето на средствата за следната година, со што се подобрува и процесот на планирање на јавните набавки.

Зависно од предметот на набавката, Одделението за следење на реализацијата на договорите изготвува Решенија со кои се определуваат лица кои се вработени во НОМАГАС АД Скопје и се задолжени да ја следат реализацијата на договорот, во однос на квалитативното и квантитативното исполнување на предметот на набавката. Лицата кои се определени за следење на реалзација се во тек со предметот на набавката и можат да дадат соодветна проценка за исполнување на договорните услови и квалитетот на испорака. Паралелно со ваквиот начин на следење на реализација на набавките, лицето овластено за јавни набавки води посебна евиденција на склучени договори и тековно го следи нивното временско и финансиско исполнување, особено кај сукцесивните набавки.

**<u>Склучени договори</u>**

Во 2024 година се склучени вкупно 39 договори за јавна набавка и тоа:

- Во јануари се склучени 3 (три) договори за постапки објавени во 2023 година.
- Во февруари е склучен 1 (еден) договор за постапка објавена во 2023 година .
- Во март се склучени 6 (шест) договори за постапка објавена во 2023 година (за и 1(еден) договор за постапка објавена во 2024 година.
- Во април се склучени 9 (девет) договори за постапки објавени во 2024 година.
- Во мај се склучени 3 (три) договори за постапка објавени во 2024 година .
- Во јуни се склучени 9 (девет) договори за постапка објавени во 2024 година.
- Во јули се склучени 2 (два) договори за постапки објавени во 2024 година.
- Во август е склучен 1 (еден) договор за постапка објавена во 2024 година .
- Во октомври се склучени 2 (два) договори за постапки објавени во 2024 година.
- Во ноември се склучени 3 (три) договори за постапка објавена во 2024 година.

Суминизиран табеларен приказ:

| Месец | Објавен постапки | Склучени договори/рамковни договори | Поништени |
|---|---|---|---|
| Јануари | / | 3 | 2 |
| Февруари | 1 | 1 | 8 |
| Март | 10 | 6 | / |
| Април | 9 | 9 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мај | 7 | 3 | 3 |
| Јуни | 1 | 9 | 1 |
| Јули | 4 | 2 | / |
| Август | / | 1 | 2 |
| Септември | 1 | / | / |
| Октомври | 7 | 2 | 2 |
| Ноември | 1 | 3 | 1 |
| Декември | 4 | / | 5 |
| **ВКУПНО** | **45** | **39** | **25** |

## 3. Координација и соработка со други оператори на систем за пренос на природен гас од страна на НОМАГАС АД Скопје.

Соработката со соседниот систем оператор за пренос на природен гас Булгартрансгаз се одвиваше на задоволително ниво на дневна основа. Сите технички проблеми се решаваа брзо во добра соработка помеѓу операторите. Комуникацијата се одвива преку CDP-Commercial Dispatching Platform, преку email и телефонски заради размена на податоци и информации.

## 4. Начин на следење на Програмата за усогласеност, соработка со вработените

Службеникот за усогласеност ја следи реализацијата на Програмата и го подготвува годишниот извештај од аспект на: независност, транспарентност, објективност и непристрасност во работењето на НОМАГАС АД Скопје; оневозможување на дискриминација на корисниците на системот за пренос на природен гас по било кој основ; доверливост на деловните податоци на корисниците на системот за пренос на природен гас; координација и соработка на НОМАГАС АД Скопје со други оператори на систем за пренос на природен гас; размена на податоци со операторите на други системи за пренос на природен гас; едукација и информирање на Одборот на Директори на НОМАГАС АД Скопје и вработените на НОМАГАС АД Скопје во врска со постапување во согласност со начелата за независност, транспарентност и непристрасност.

Вработените во НОМАГАС АД Скопје се должни на Службеникот за усогласеност да му ги дадат на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простории во кои ја врши својата дејност.

### 4.1 Усогласеност со Законот за енергетика, сертификацијата и лиценцата за вршење дејност

Согласно со Точка 2.1 од Одликата за сертификаија и назначување на оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, односно упис во

Агенцијата за катастар на недвижности на правото на сопственост на недвижности преку која ја врши дејноста. Во рамките на НОМАГАС АД Скопје е формирана работна група во насока на запишување на сопственоста во Агенцијата за катастар на недвижности. Во тек е постапка, односно во таа насока се направени координативни состаноци и за таа цел вклучена е и управата за решавање на имотно правни работи и констатирано е дека уписот на истите треба да се спроведе преку подрачните оделенија за решавање на имотно-правните работи, од пречина што омаат пристап до електронскиот систем за упис во Агенцијата за катастар на недвижности.

Исто така во оваа насока по маил се доставени до катастар за недвижности од страна на НОМАГАС АД Скопје информативни списоци,податоци за решенијата кои треба да се запишат во катастарот за недвижности.

Во односно по точка 2.2 од Одликата за сертификаија и назначување на оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија, НОМАГАС АД Скопје ги разгледуваше можностите и начинот за одвојување на функцијата на оператор на пазар во посебно друштво кое ќе ја врши функцијата што се однесува на организација, ефикасно функционирање и развој на организираниот пазар на природен гас. Со оглед дева во втората половина на 2024 година интезивно се работеше на изготвување на нов Закон за енергетика НОМАГАС АД Скопје ја очекуваше потврдата или евентуалните промени во начинот на одвојување на дејностите пропишан во Законот. Исто така со оглед дека беше изборна година, по добивањето на одлуката за сертификација и назначување на оператор на системот за пренос на природен гас на Република Северна Македонија новото раководство НОМАГАС АД Скопје го доби на крајот на месец Август кое започна со анализирање и разгледување на можности за оформување на друштво за вршење дејност оператор на пазар на природен гас.

Се разгледуваат можностите дали да се оформи друштво кое ќе потекнува од НОМАГАС АД Скопје кое од кога ќе се лиценцира како систем оператор за пазар на природен гас сопственички ќе се раздвои од системот за пренос на природен гас или функционирањето и развојот на организираниот пазар да влезе во склоп на операторот за пазар на електрична енергија МЕМО. Во 2025 година се очекува утврдување и започнување на процедурата.

Во врска со задолженијата кои потекнуваат од лиценцата за вршење дејност пренос на природен гас. Врз основа на лиценците за управување и за пренос кој ги имаше ГАМА АД Скопје, Регулаторна комисија за енергетика на седница одржана на 31.08.2023 година, донесе "Одлука за престанување на важење на одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас". На истата седница е донесена "Одлука за менување на одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас", поради усогласување со Законот за енергетика, прописите и правилата. Со оглед на наведеното, а имајќи предвид дека НОМАГАС АД Скопје се формираше на 30.12.2022 година, престоеше период на адаптација и изработка на сите потребни акти за негово функционирање, земаќи во предвид дека Друштвото е формирано со спојување на две активнио друштва. За да се исполни до некаде условот од лиценцата, при поднесокот за барање за тарифа, НОМАГАС достави табеларен приказ на инвестициски план за идни инвестиции за 2024 година, согласно Правилникот за пресметка на тарифа. Сега кога веќе Друштвото организационо е постабилно, во декември 2024 година донесе Годишна инвестициска програма за 2025 и истата ја достави до Регулаторна комисија за енергетика.

Во изработка се сите идни планови и програми и истите наскоро ќе бидат доставени до Регулаторна комисија за енергетика.

Во однос на Правила за набавка на природен гас за покривање на загубите, истите се донесени и во примена имајќи во предвид дека согласно со одлика за одобрување на Правила за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природе на гас бр.11-3023/3 од 26.12.2022 година, одлука за примена на Одлуката за одобрување на Правилата за набавка на природен гас за покривање на загубите во системот за пренос на природен гас бр.01-3121/1 од 30.12.2022 година и Службен весник бр. 283 од 27.12.2022 година, Службен весник бр.285 од 28.12.2022 година се одобрени.

Во однос на осигурувањето на основните средства, во втората половина на 2024 година интезниво се работеше на спецификациите, условите, лимитите на финансиски средства за осигурување, како и прочистување на листите на средства кои треба да бидат предмет на осигурување и кои треба да се исклучат од одредени полиси каде не им е местото, а постапката за избор на осигурителна компанија се очекува да се спроведе во првиот квартал на 2025 година. Притоа подготовката на спецификациите за осигурување, уссловите и потребните анализи не биле отпочната додека траел договорот, туку непосредно пред неговото завршување. Исто така е важно да се напомене дека при подготовка се изминати неколку месеци бидејќи беше максимално посветено внимание да се оптимизираат полисите, цената на договорот со реалните потреби и досегашните искуства од соодносите на цените на осигурувањето со исплатените суми за штети, како и отврарање на можности за учество на што поголем број на осигурителни компании и постигнување на поголема конкуренција, со цел да не се добива голема сума за осигурување туку пониска која директно би влиаела на тарифата, односно крајните потрошувачи, особено што добивањето на пониска реална цена доведува до помали трошоци, а со тоа и за одреден степен и пониска тарифа за крајните потрошувачи што треба да биде клучен стремеж во функционирањето на системот.

## 4.2 Соработка со вработените

Сите вработени во НОМАГАС АД Скопје, на чело со раководството, во текот на подготовка на овој извештај во своето работење покажаа посветеност кон почитувањето на правилата на однесување предвидени со Програмата за усогласеност со мали отстапувања. Ставањето на располагање на бараните податоци на Службеникот за усогласеност се одвиваше со мало задоцнување. На секое барање за достава на податоци и информации се одговараше со мало задоцнување, при што податоците се доставувани по електронски пат или непосредно со предавање на потребната документација.

Забелешки:

- Не доволна ажурност во поставување на податоците кои законски НОМАГАС АД Скопје има законска обврска да ги постави на својата веб страна.
- Забележана е недоволна координација помеѓу некои сектори со цел решавање на настанатите проблеми.
- Одржани се интерни состаноци како и со надворешни лица, на кои не беше повикан службеникот за усогласеност.
- Не навремено доставување на податоци до корисниците кои им се неопходни за Царинска управа за царинење на увезениот природен гас.

- Не доволна ажурност во доставување на податоците до Службеникот за усогласеност кои ги бараше од вработените.

## 5. Заклучоци од Извештајот

Гледано во целост, во изминатиот период НОМАГАС АД Скопје успешно ги спроведуваше своите активности што обезбеди стабилно и сигурно работење на системот за пренос на природен гас.

Доследното применување на одредбите од Програмата потврдуваат дека НОМАГАС АД Скопје се стреми кон недискриминаторски и транспарентен начин на работа. Сумирајќи ги ефектите од работењето во изминатиот период, може да потенцирам дека сум задоволен од динамиката на имплементација на обврските кои произлегуваат од Програмата, имајќи ги во предвид условите наметнати од енергетската криза и инфлацијата кои го диктираа работењето на Друштвото во тековниот период. Сите воочени забелешки се вградени во унапредување на работата и функционирањето на Службеникот за усогласеност.

### 5.1 Начин на следење на Програмата за усогласеност

Службеникот за усогласеност согласно утврдениот начин го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност на систем операторот за пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје. Со актот за систематизација дефинирана е функцијата на Службеникот за усогласеност. Неговите надлежности се специфицирани во Правилникот и Програмата за работењето.

Службеникот за усогласеност во рамките на своите овластувања и обврски редовно го следи работењето на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје, активно учествувајќи во носењето на сите поважни одлуки со свои забелешки и сугестии, зема активно учество во подготовката на Мрежните правила, при што соработката со структурите на Друштвото ги оценува на задоволително ниво.

Скопје

17.03.2025 година

Службеник за усогласеност

м-р. Дарко Бундалески д.м.и.